# Летопис на современата македонска книжевност (15)

**НОВ ДЕН бр. 9-10**
**ноември-декември 1946**

„Огледало", во повеќе продолженија, презентира фрагменти од прозни, поетски, драмски, критичко-есеистички и други прилози од македонски автори објавувани во првите книжевни списанија и весници на македонски јазик (во периодот 1945-1955) преку кои, на извесен начин, читателите ќе имаат можност да добијат претстава за историјата на современата македонска книжевност. Во овој број, со извесни скратувања, го објавуваме освртот на Димитар Митрев за втората општа изложба на македонските ликовни уметници во 1946 година.

## Димитар Митрев

# Втората општа изложба на македонските художници

Втората општа изложба на македонските художници несомнено разбуди интерес сред нашата публика и го привлече вниманието на сите на кои што им е скап брзиот развој на ликовната уметност кај нас. И не само поради тоа што оваа изложба е век'е втора и дека во неа учествуват скоро сите наши художници. Интересот и вниманието произлегуат од тоа што изложбата одбележуе нови успеси во индивидуалната творческа изградба на одделни художници и општ стремеж кај повевек'ето кон еден нов художествен реализам...

Гледајк'и така на усилбите на нашите художници, треба да се одбележи дека **Никола Мартиноски** - художник со беспорни худжнишки качества, со сигурна рака, со виртуозност во техниката, со длабоко разбирање за колорит и линија, во својата тематика и во разрушуењето на поставените теми, покрај очигледни опити за реалистичка претворба на фигурите и на некои човешки ликои, сé уште не успева да се дотакне до проблеми што се така типични за денешнината...

Изложената работа „Младинец" макар да е по боја, по тон и како цртеж беспрекорна - по содржината вопште не одговара на темата. Художникот сака да претстави младинец, а претставуе млад дегенерик... Тој е само патолошки тип и такви патолошки обекти можат да го одведат Мартиноски само кон антихудожествен натурализам...

Цртежите на Мартиноски и сега се мег'у добрите работи во изложбата. Линијата е чиста, изразита и водена од мајсторската рака на художникот.

Со изживени и зрели работи учествуе во изложбата **Лазар Личеноски** - художник со самобитна и солидна техника. Личеноски има нешто што го одделуе скоро од сите останати наши художници - во своите работи тој достигнуе пространственост, која што вешто е распределена на платното. Неговата композиција „Долап" може да се приеме како една внушителна реалистичка слика, која што дава карактерен момент од рибарскиот живот. Со исклучение на нафрлените бои - лево од коњот - каде што е постигнат ефект што не одговара на единството во сликата, централниот план: мрежите, човекот на тркалото, нивата со плашилото - е наполно успел. А земена целосно, како композиција, таа работа на Личеноски го утврдуе како художник кој што има здрав усет за сликање на посложени картини од живиот живот...

И во таа изложба **Тома Владимирски** го следуе својот верно избран пат на упорит и доследен стремеж кон создавање на художествено-реалистички творби...

И сега **Вангел Коџаман** го привлечуе погледот со своите издржани во тон сочни акварелни пејсажи. И двете работи: „Кичево" и „Струга" се истакнуат со ли(р)скиот тон, со живо дадениот, специфичен за обектот, колорит. Облаците вместо во задниот, се дадени во предниот план и не се доволно материјализирани...

Усилбите за оригиналност се потребни, секој уметник треба да ги има, но тие треба да се спонтано породени од контактот, со дејствителноста. А во случајот - сижетот се третира по чисто рационален пат. По тој пат природно е да се стигне до раскинуење на формата од содржината. И тоа го има во работата на Коџаман...

Позната е острата сатира во карикатурите на **В. Попович - Цицо** од „Одскубване кон старите позиции", „Разрешуење на еврејското прашање" и други работи во минатогодишната изложба. Истата сила, истото внушение на сатиричната острина пролипчуе донекаде и сега во „Најдени се допирните точки"...

И покрај тие успели карикатури, во останатите, се забележуе слабо потенцирана линија и недостиг на емоционална наситеност....

Даровит художник со сигурни услови за брз развој е **Љубомир Белогаски.** Во изложените на таа изложба работи се забележуе повеќе продлабоченост во темата и одухотвореност на фигурите и сижетот. Карактеристични се акварелите на Белогаски со преживената и звучна багра.

Изложената работа „Младинецот Стојан" која што е најдобрата работа на художникот во таа изложба, и покрај тоа дека младинецот е даден малку анемичен, има верен израз, издржан тон и го води гледачот кон размисла...

Акварелите од Охрид дадени во спокоен колорит, со здраво чувство за мерка, можат да се покажат како творби со правдиво и реалистичко обележие...

Задржуејк'и се на изложените работи на **Димитар Пандилов-Авравовски** може и треба да се рече, дека художникот не е лишен од художнички качества, од извесно мајсторство во линии и бои, но му е потребно и тоа безусловно - содржајна организираност при третирањето на темата и поверен усет за композиционата постановка на сижетот. Дури да има во некои изложени творби тонски сполучливи слики, фигури и партии, тие избледнуат поради едно основно несоответство во пропорциите, во поврзуењето на фигури и пејсаж, на сенка и полусенка, на единство во форма и содржина...

Сличен е случајот со „Невестинско оро" Не само дека нема точна расподела во планоите на платното, но ја нема онаа пластичност така карактерна за нашите селски ора. Вопште човек не сек'ава дека се насликани луг'е што играат оро. А свирачот како фигура - во бои и линии - е многу бедно работен - просто скициран... В таа и во други работи, паг'ат во очи шематично сликаните ликовни образи...

И со работите во минатата и со тие во таа изложба **Димче Протугер** се јавуе како художник со јарко обележен и оригинален творчески развој.

„Победа" - фра(г)амент од фрескокомпозиција - е творба со извонреден колорит и исцело издржани делови.

Прави впечатление, дека и во минатата и во таа изложба художникот пројавуе изолираност од нашата најнова општествена тематика...

Елементи на добар график откриваат цртежите на художникот **Киро Караджа.**

Од младите художници што за прв пат учествуат во изложба некои технички успеси покажуат **Георги Ачески, Нико Този** и **Лена Стефанова.**

И во оваа изложба склуптурата е застапена од Димче Тодороски и Димче Коцо.

**Димче Тодороски** излага една глава на девојче, моделирана со совршена полнота на формата, споена со забележителен синтез и ретко единство...

Во „Стрелец", и покрај динамичноста во позата, склупторот дава сила и израз кои што се пресилени, несоответни на силата и изразот на телото.

Скоро сите изложбени творби на Тодороски убедително го истакнуат својот автор како даровит и оформен склуптор...

**Димче Коцо** излага гипсова машка глава во која што се гледа вистински скулптурен израз, чувство на формата однатре и здрав усет за физиономичното.

Скулптурната работа „Автопортрет" смело замислена и со јарко линии, не дава сосем убедлив израз како автопортрет...

Во минатогодишната изложба имаше изложени, макар и несполучливи, работи со сижети од Великата народно-ослободителна борба... Помина изложбата - помина и „народноослободителната" тематика...

На изложбата нема ни еден пејсаж на историските места каде што се разигра не една борбена офанзива. Нема ни еден портрет на прво-борците...

Неучаствието во борбата, недостигот на директни наблудения од неа - може да служи само како прикритие на општествена дезинтересираност. Жива е историјата, живи се свидетелите и учасниците во борбата и тие можат да помогнат за да се добие верна претстава и материали за претворба на близкото геројско минато. Не се преку девет планини и девет мориња местата каде што уште стојат незаличени трагоите од партизанските борбени епопеи. И не се ли тиа едни од обектите за денешна художественореалистичка претворба? Не само дека се - но треба и да бидат... Дали художниците к'е одат до Кожуф, Славеј-планина, Козјак, Плачковица или други места каде што се воделе борбите, поодделно или колективно, дали к'е биде индивидуална или колективна екскурзија - тоа е прашање на организација.

Инаку - во противен случај - Мартиноски к'е продолжи со кривите глави и к'е си остане само со сижетите и обектите од циганското мало. А и другите к'е се бават само со изветвена тематика или к'е се разработуе народноослободителната тематика по начинот на Аврамовски или Боро Лазески во минатогодишната изложба...

Секој нов ден бележи успеси - помали или поголеми. Имаат успеси и художниците - неполни, недовршени - но сепак успеси. И тие успеси - одбележени и во таа втора изложба, отворено зборат само едно - и на тој сектор од нашиот живот нема да останат несовладани тешкотии(те).

**Димитар Митрев**

## ИН МЕМОРИАМ



### Жан Дитур

На 17 јануари во Париз почина француският писател, академик Жан Дитур (р. 1920). Тој беше вистинска медиумска личност, така што сè до септември 2008 година, секој ден со свои опсервации настапуваше на Француското радио. Со децении беше советник за литература во книгоиздателството „Галимар" во Париз и драмски критичар во дневниот весник „Франс соар". Со своите бескомпромисни критики беше мошне популарен, но го имаше навлечно врз себе и гневот на многумина, така што во 1978 година, на 14 јули (на францускиот национален празник), над него беше извршен атентат, но бомбата го оштети само станот. За академик беше избран неколку месеци подоцна, на 30 ноември 1978 година.

### Денис Алан Оренхајм

На 22 јануари во Њујорк почина американскиот ликовен уметник Денис Алан Оренхајм (р. 1938), основоположник на концептуалната уметност.

### Ана Јаблонска-Машутина

На 24 јануари една од 35-те жртви на бомбашот-самоубиец на аеродромот Домодедово кај Москва беше и истакнатата млада украинска драмска писателка Ана Јаблонска-Машутина (р. 1981), автор на десет драмски дела и на неколку поетски книги. Таа на московскиот аеродром пристигнала од Одеса и вечерта во Москва на свечен начин требало да ѝ биде врачена награда за најуспешен драмски текст на годината. Бомбата експлодирала во моментот кога патниците од Одеса минувале низ главниот ходник кон излезот. Зад себе остави десет драмски дела, играни на повеќе театарски сцени во Украина и Русија, илјадници стихови и тригодишна ќерка.

### Маргарет Прајс

На 28 јануари во Пеј-де-Гал почина британската оперска певица Маргарет Прајс (р. 1941), сопран. Во 2007 година на листата на 20 најдобри оперски певици на сите времиња, направена од ББЦ, нејзиното име се наоѓаше на осмото место.

### Џон Бари

На 30 јануари во Глен Коув (САД) почина британскиот филмски композитор Џон Бари (р. 1933). Бил лауреат на 5 оскари, а најпознати му се филмовите „Надвор од Африка" и „Танц со волците". Светска слава постигна со музиката во филмовите за Џемс Бонд.